UNITED NATIONS
HUMAN RIGHTS COUNCIL

MEDIA ADVISORY

# Податоците за човековите права во Северна Македонија ќе се разгледуваат во рамките на Универзалниот периодичен преглед

**ЖЕНЕВА (29 април 2024)** – Работната група на Универзалниот периодичен преглед (УПП) на Советот за човекови права на ОН ќе ги разгледува по четврти пат податоците за состојбата на човековите права во Северна Македонија, на состанокот кој ќе се оддржи на 2 мај 2024 во Женева и ќе се пренесува во живо преку webcast live.

Северна Македонија е една од 14-те држави кои треба да бидат прегледани од страна на работната група на УПП за време на претстојната седница што ќе се одржи од 29 април до 10 мај 2024 година. Првиот, вториот и третиот УПП преглед на Северна Македонија беа одржани во мај 2009 година, јануари 2014 година, односно јануари 2019 година.

Работната група na УПП се состои од 47 земји-членки на Советот за човекови права, меѓутоа секоја од 193-те земји-членки на ОН може да учествува во прегледот на земјата.

Документите врз кои се темелат прегледите се: 1) националениот извештај - информации обезбедени од страна на државата што се разгледува; 2) информации содржани во извештаите на независни експерти за човекови права и групи, познати како Специјални процедури, Договорни тела за човекови права и други ентитети на ОН; 3) информации обезбедени од други засегнати страни вклучувајќи ги националните институции за човекови права, регионалните организации и групите за граѓанско општество.

Трите **извештаи** кои служат како основа за прегледот на  Северна Македонија на 2 мај може да се најдат тука.

**Место:** Соба 20, Палата на нациите, Женева

**Време и дата:** 14.30 – 18.00, четврток, 2 мај (по женевско време, ГМТ +2 час)

УПП е процес кој вклучува периодичен преглед на податоците за состојбата на човековите права во сите 193 Држави-членки на ОН. Од првиот состанок кој се одржа во април 2008 година, сите 193 Државичленки на ОН беа разгледани три пати. Во текот на четвртиот УПП циклус, државите повторно се очекува да ги објаснат чекорите што ги презеле за да ги имплементираат препораките добиени за време на нивните претходни прегледи на чие следење се обврзале, како и да укажат на скорешните случувања во областа на човековите права во земјата.

Делегацијата на Северна Македонија ќе биде предводена од г-дин Игор Џундев, Амбасадор, Директор за мултилатерални односи, Министерство за надворешни работи.

Трите претставници на земјата кои служат како известувачи ("тројка") за прегледот на Северна Македонија се: Албанија, Бенин и Финска.

**Webcast** преносот на седницата ќе биде на: North Macedonia Review - 46th Session of Universal Periodic Review | UN Web TV.

Списокот на говорници и сите достапни изјави кои ќе бидат пренесени при прегледот на Северна Македонија ќе бидат објавени на следниов линк на УПП Екстранет.

Работната група за УПП треба да ги **усвои препораките** дадени на Северна Македонија во среда, помеѓу 15:30 и 18:00 часот на 8 мај 2024 (по женевско време, ГМТ +2 час)

Државата која се разгледува може да ги изрази своите ставови во врска со препораките кои и се дадени за време на нејзиниот преглед.

*// КРАЈ //*

*За повеќе информации и барања од медиумите, молиме контактирајте го Паскал Симс, службеник за медиуми при СЧП на: simp@un.org; Маттхеу Браун, службеник за информации при СЧП на: matthew.brown@un.org; и Давид Диаз Мартин,  службеник за информации при СЧП на: david.diazmartin@un.org.*

*За да дознаете повеќе за Универзалниот периодичен преглед, посетете:* **www.ohchr.org/en/hr-bodies/upr/upr-main** .

Советот за човекови права на ОНУ; следете не преку социјалните мрежи:

Фејсбук  Твитер  Ју тубе  Инстаграм